# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 1** | **Понеделник, 3 Февруари 2025** | **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година..........................*
2. *Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка..........................*
3. *Одлука за примање на донација..........................*
4. *Решение за недонесување на Одлука за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈКП БОШАВА Демир Капија..........................*
5. *Одлука за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци..........................*
6. *Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"..........................*
7. *Одлука за усвојување на Социјален план на Општина Демир Капија 2025-2028 година..........................*
8. *Заклучок за повлекување на точка од дневен ред..........................*
9. *Одлука за одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2025 година" – Демир Капија...*
10. *Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2025 година..........................*
11. *Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2025 година..........................*
12. *Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2025 година..........................*
13. *Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година....*
14. *Општински буџетски календар на Општина Демир Капија за 2026 година..........................*
15. *Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата..........................*
16. *Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за јавни дејности..........................*
17. *Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за месна самоуправа..........................*
18. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2024 година..........................*
19. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"..........................*
20. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..........................*
21. *Социјален план на Општина Демир Капија 2025-2028 година..........................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/1
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20, 172/21), Советот на Општина Демир Капија на 42-та седница одржана на 31.01.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година бр.08-778/5 од 24.12.2024 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/24), се вршат следните измени:

Во членот 9 став 1 алинеја 1 од Одлуката, зборовите "коефициентот изнесува 2,35" се заменуваат со зборовите "коефициентот изнесува 2,08".

**Член 2**

Коефициентот од член 1 од оваа одлука ќе започне да се применува со исплата на платата за месец февруари 2025 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/3
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Се објавува Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/2
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 и "Службен весник на РСМ" бр.241/24) и член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир

Капија, на 42-та седница одржана на 31.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од Советот на Општина Кавадарци бр.08-6869/75 од 26.12.2024 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Кавадарци, за воспоставување на меѓуопштинска соработка за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општината утврдени во Законот за локална самоуправа, а кои се однесуваат на соработка за унапредување на економскиот развој на општините, преку соработка во управувањето со Повардарскиот регион за промоција на поширокиот Повардарски регион како туристичка дестинација и стратешки развој на туристичката дестинација (Општините Неготино, Градско, Чашка, Лозово, Велес, Демир Капија, Росоман, Валандово, Гевгелија, Дојран и Богданци) како туристичка дестинација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/4
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за примање на донација**

Се објавува Одлука за примање на донација, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/3
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 до Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 3 став 1 точка 1 и член 6 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За примање на донација**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Демир Капија прима донација од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, согласно Одлуката за давање согласност за прифаќање намера за донација од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје бр.08-638/4 од 22.10.2024 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.9/2024).

Предмет на донацијата е:

- три парковски клупи
- две канти за отпад
- една табла за видливост

Вредноста на донацијата е утврдена на вкупен износ од 42.670,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Демир Капија го овластува Градоначалникот како прмател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/5
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за недонесување на Одлука за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Решение за недонесување на Одлука за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈКП БОШАВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/4
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За недонесување на Одлука за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈКП БОШАВА Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија не ја донесе Одлуката за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈКП БОШАВА Демир Капија.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 90/6
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Одлука за утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/5
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 8 став 1 алинеја 2 од Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/2023) Советот на Општина Демир Капија на XLII-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
За утврдување на оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува поединечниот надоместок кој што се однесува на фиксните оперативни трошоци за финансирање на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Вкупните фиксни оперативни трошоци за 2025 година потребни за натамошното функционирање со кои учествува Општина Демир Капија на годишно ниво се во износ од 163.355,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на Општина Демир Капија, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, а исплатата ќе се врши квартално на секои 3 (три) месеци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 90/7<br>31.01.2025 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –120/6<br>03.02.2025 година<br>Демир Капија | Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
За сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

**Член 1**
Општина Демир Капија учествува со сопствени финансиски средства за обезбедување одржливост на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство.

**Член 2**
Во 2025 година за непречено функционирање на Советувалишниот центар, Општина Демир Капија ќе учествува со финансиски средства во износ од **82.738,00** денари.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, на сметка на Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 90/8<br>31.01.2025 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за усвојување на Социјален план на Општина Демир Капија 2025-2028 година**

Се објавува Одлука за усвојување на Социјален план на Општина Демир Капија 2025-2028 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –120/7<br>03.02.2025 година<br>Демир Капија | Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Социјален план на Општина Демир Капија 2025-2028 година**

**Член 1**
Советот на Општина Демир Капија го усвојува Социјалниот план на Општина Демир Капија 2025-2028 година.

**Член 2**
Социјалниот план на Општина Демир Капија 2025-2028 година е составен дел на оваа одлука

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/9
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за повлекување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/8
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на 42-та седница одржана на 31.01.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
За повлекување на точка од дневен ред

1. Точката 8 "Предлог-Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2025 година", предлагачот ја повлече од дневен ред.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/10
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2025 година" – Демир Капија**

Се објавува Одлука за одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2025 година" – Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/9
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2025 година" - Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија ја ОДОБРУВА Програмата за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2025 година" - Демир Капија.

**Член 2**

За реализирање на Програмата се одобруваат финансиски средства во висина од **280.000,00 (двестаиосумдесетилјади) денари,** кои средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 3**

Програмата од член 1 е составен дел од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 90/11
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/10 Градоначалник на
03.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а согласно член 132 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.5/05), Советот на Општина Демир Капија на XLII-та седница одржана на 31.01.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2025 година**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

Основа за донесување на програмата за работа на Советот е Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот како и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самоуправа, и со кои се утврдени надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2025 година се:

- Програмирање на работата на Советот за тековната година;
- Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;
- Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;
- Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2025 година.

**АКТИВНОСТИ:**

**ПЕРИОД: ЈАНУАРИ - МАРТ**

**• Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2024 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

**• Завршна сметка на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година**
**• Годишен извештај на Општина Демир Капија за 2024 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

**• Буџетски календар на Општина Демир Капија за 2026 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

**• Завршна сметка и Извештај за работата на ЈПК БОШАВА Демир Капија за 2024 година**

Предлагач/Изготвувач: ЈКП БОШАВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ЈКП БОШАВА Демир Капија
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој, Комисија за јавни дејности

**• Завршна сметка на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија за 2024 година**

Предлагач/Изготвувач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен одбор на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Завршна сметка и Извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2024 година**

Предлагач/Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој, Комисијата за јавни дејности

**• Завршна сметка на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2024 година.**

Предлагач/Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Демир Капија за 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

• **Програма за заштита и благосостојба на животните–третман на бездомни кучиња, односно на нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

• **Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Демир Капија за 2025 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

• **Програма за еднаквите можности на жените и мажите на Општина Демир Капија за 2025 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите

• **Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2025 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи
Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Програма за организирање на културната манифестација Свети Трифун 2025 година;**
Предлагач/организатор: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2024 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

## ПЕРИОД: АПРИЛ - ЈУНИ

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за работата на јавните служби за првото тромесечие во 2025 година**
Предлагач/Изготвувач: јавното претпријатие / установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

## ПЕРИОД: ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на Општина Демир Капија за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Одделение за човечки ресурси
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на јавно претпријатие/установа за 2026 година**
Предлагач/Изготвувач: јавно претпријатие/установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

**• Извештај за работата на јавните служби за второто тромесечие во 2025 година**
Предлагач/Изготвувач: јавно претпријатие/установа
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**• Годишна програма за работа на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија за учебната 2025/2026 година**
Предлагач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен Одбор на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**• Годишна програма за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2025/2026 година**
Предлагач/Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен Одбор на установата
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**<u>ПЕРИОД: ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ</u>**

**• Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2025 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Одлука за доделување на 7-мо Ноемвриска награда и признанија за 2025 година**
Предлагач: Комисија за награди и признанија
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи

**• Буџет на Општина Демир Капија за 2026 година**
**• Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за управување со отпад на територијата на Општина Демир Капија за 2026 година;**
**• Програма за одржување на паркови и зеленило за 2026 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

**• Програма за локален економски развој на Општина Демир Капија за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој-Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Програма за развој на туризмот во Општина Демир Капија за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Програма за енергетска ефикасност на Општина Демир Капија за 2026 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**• Годишна Програма за работа на ЈКП БОШАВА Демир Капија за 2026 година**
Изготвувач: ЈКП БОШАВА Демир Капија

Одобрува: Управен одбор на претпријатието
Разгледува: Комисија за јавни дејности

- **Годишна Програма за работа на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2026 година**

Предлагач: ОУ на Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата ја регулира нормативната дејност на Советот во 2025 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на 2025 година.
За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.
Во текот на 2025 година, Советот на Општина Демир Капија ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.
Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Демир Капија и јавните служби основани од општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/12
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/11
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 12 став 1 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21), а согласно член 5 од Одлуката за јавна чистота на територијата на Општина Демир Капија бр.07-421/4 од 31.05.2011 година, Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.01.2025 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
За одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2025 година

**1 ВОВЕД**

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Демир Капија за 2025 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивното финансирање.
Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавно-прометни површини и отворени простори пред јавни објекти и е во зависност од:

- Густината на населението
- Фреквенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Инфраструктурни сообраќајни услови
- Делување на градежна оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини
- Социјалниот аспект на граѓаните;
- Финансиската состојба на општината и
- Структурата и опременоста на ЈКП Бошава Демир Капија.

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од следниве активности:

1. Обврски на ЈКП Бошава
   - Секојдневно метење на улици (ул.Маршал Тито, централното градско подрачје-плоштадот, делот од ул.11 ти Октомври позади спортка сала и делот пред општински канцеларии)

- Метење на останатите улици во град Демир Капија
- Периодично миење на улици (по потреба во зависност од загадувањето и нечистотијата)
- Одржување на спомен обележја
- Одржување на јавни површини во зимски услови
- Одржување на градски пазар
- Одржување на градски гробишта (уредување на просторот) и
- Расчистување на диви депонии

2. Правни и физички лица

- Отстранување на предмети и материјали оставени пред сопствените парцели
- Расчистување на снег пред сопствените објекти како физички така и деловни простории.

Чистењето на јавните површини од снежни врнежи ќе се врши согласно Годишниот оперативен план за зимски услови на општина Демир Капија

Чистењето на јавните објекти, дворните површини, колективните и индивидуалните објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирање на акции двапати годишно и тоа во месец мај и при крајот на месец октомври или почеток на ноември, со претходно известување. На овој начин се овозможува на лицата да ги исчистат своите подруми и дворни површини.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈКП Бошава по претходен договор со организаторите на истите.

**Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавните објекти ќе се постават соодветни садови за фрлање на отпадоци.

Во централното подрачје ќе се одржуваат поставените канти со пепелници секојдневно, а доколку има потреба ќе бидат поставени и дополнителни канти.

## 2 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Програмата на општина Демир Капија за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавно-прометните површини заради обезбедување на поквалитетни услови за работа и живеење на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## 3 ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавно-прометните површини и отворените простори пред јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа Програма се утврдува:

- Територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавно-прометните површини и отворените простори пред јавните објекти;
- Начините на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- Надзорот над спроведување на програмата и
- Начинот на финансирање

## 4 ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија ќе ги опфати:

- Јавно-прометните површини и отворените простори пред јавните објекти (улици, тротоари, плоштади, отворени површини, паркинг простори, мостови, автобуски стојалишта и такси станици, јавни санитарни јазли и пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа програма.

При спроведување на Програмата се изведуваат следните активности:

- Рачно метење на јавно – прометните површини
- Миење на јавно – прометните површини со цистерна
- Собирање на смет (подразбира отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и транспортирање до депонија)
- Рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови

## 5 ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија.

## 6 ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### 6.1 МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

6.1.1 МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

Метењето на улиците прикажано во табелата подолу ќе се врши секој ден освен недела и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини

| Улици | Опис | Површина ( $M^2$) |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „Првомајска” до спој со ул. „11-ти Октомври” (Почеток на Плоштад- Пешачка зона) | 927 |
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „11-ти Октомври” (Крај на Плоштад- Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | 1.430 |
| Улица „11 Октомври”  | Од спој со ул. „Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 654 |

Метењето на улиците прикажано во табелата подолу ќе се врши еднаш месечно и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини.

| Улица | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Улица „Партизанска” | Од спојот со ул.„Маршал Тито” (кај Пунктот на „Македонија пат”) до спојот со ул. „Даме Груев” | 2970 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| Улица „Првомајска”  | Од вкрстувањето со ул.„Маршал Тито” (кај „Пипераната”) до Црквата | 1240 |
| Улица „3“  | Од спојот со новиот мост на река „Бошавица“ до спојот со ул. „Партизанска“ | 1.375 |
| Улица „11 Октомври”  | Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | 512,5 |
| Обиколница  | Од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | 700 |
| Улица „Маршал Тито“  | Од спој на спојот на ул."Првомајска" со ул."Маршал Тито" до влез во Вила Марија | 1200 |
| Централен плоштад „Маршал Тито” | Пешачка зона | 3880 |

6.1.2 МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Постоечките обележани паркинг простори се во склоп на ул.„Маршал Тито” и тие се метат заедно со оваа улица.

Површините за метење се искажани заедно со површините на оваа улица.

### 6.1.3 МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И МОСТОВИ

Метењето на плоштадот и мостовите прикажано во табелата подолу ќе се врши секој ден освен недела и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини

| **Плоштади и мостови** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито”  | Пешачка зона | 1200 |
| Стар мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 690 |
| Нов мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 375 |
| Парк „Река Бошава“ | Пешачка патека, летниковци и игралишта | 1200 |
| Парк по насип на река Бошавица | Пешачка патека и летниковци | 400 |

### 6.1.4 МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ

Метењето на градскиот пазар се извршува во петок од 12.00 до 14.00 часот (ден пред пазарниот ден) и во сабота по завршувањето на пазарниот ден.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

### 6.1.5 ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Чистењето и одржувањето на градските гробишта ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.

Генералното чистење на гробиштата ќе се врши една седмица пред верските празници Прочка, Велигден, Задушница, Божиќ и Голема Богородица.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

## 6.2 МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини се извршува со автоцистерна во период од 1-ви април до 31-ви октомври од 22.00 - 06.00 часот.

Миењето на јавните површини прикажани во табелата подолу ќе се врши редовно еднаш месечно и по потреба.

| Улици | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „Првомајска” до спој со ул. „11-ти Октомври” (Почеток на Плоштад- Пешачка зона) | 1236 |
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „11-ти Октомври” (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | 1716 |
| Улица „11 Октомври”  | Од спој со ул. „Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 2398 |

| Улица | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Улица „Партизанска”  | Од спојот со ул.„Маршал Тито” (кај Пунктот на „Македонија пат”) до спојот со ул. „Даме Груев” | 8910 |
| Улица „Првомајска”  | Од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито” (кај „Пипераната”) до Црквата | 3720 |
| Улица „3“ | Од спојот со новиот мост на река „Бошавица“ до спојот со ул. „Партизанска“ | 1512 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| Улица „11 Октомври”  | Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | 1127 |
| Обиколница  | Од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица “ | 2100 |
| Улица „Маршал Тито “  | Од спојотна ул."Првомајска" со ул."Маршал Тито" до влез во Вила Марија | 3900 |

| **Плоштади и мостови** | **Опис** | **Површина ($M^2$)** |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито”  | Пешачка зона | 5.079 |
| Стар мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 1035 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| Нов мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 900 |

### 6.3 РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период се задолжува ЈПК "БОШАВА" Демир Капија да врши рачно чистење на снег и мраз од јавно – прометните површини дадени во долната табела:

| **Улици** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „Првомајска” до спој со ул. „11-ти Октомври” (Почеток на Плоштад- Пешачка зона) | 206 |
| Улица „Маршал Тито”  | Од спојот со ул. „11-ти Октомври” (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | 286 |
| Улица „11 Октомври” | Од спој со ул. „Маршал Тито” (кај каналот) до првото | 103 |

| | | |
|---|---|---|
|  | вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | |
| Улица „11 Октомври”  | Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | 922 |
| Улица „3“  | Од спојот со новиот мост на река „Бошавица“ до спојот со ул. „Партизанска “ | 1.650 |

| **Плоштади и мостови** | **Опис** | **Површина ( $M^2$ )** |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито”  | Пешачка зона<br>Пешачки патеки и пристапни приоди до објекти на Институции од јавен интерес | 1.270 |
| Стар мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 206 |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| Нов мост на река „Бошавица”  | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 515 |

## 6.4 ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈПК "БОШАВА" е должна да постапува по издадените решенија од општинскиот комунален инспектор за чистење на диви депонии и јавни површини кои се надвор од Програмата, а кои се вонредно загадени.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на просторот веднаш по завршувањето на јавните манифестации кои ги организира општина Демир Капија.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на сите хоризонтални и вертикални сливници по градски улици, мостови и плоштад во град Демир Капија.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење, утовар и депонирање на наноси од земја и друг отпаден материјал настанат од поројни дождови од градски улици и плоштад во град Демир Капија.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на улиците по елементарни непогоди.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши одржување на урбана опрема ( летниковци, клупи, корпи за отпадоци, фонтани, патокази, елементи на детски игралишта, жардиери, пешачки патеки и други елементи на урбана опрема).

Финансирањето е дел од оваа програма.

Ваквите дополнителни активности треба да се имаат во предвид при склучувањето на Договорот за вршење на услуги од редот на јавната чистота.

## 7 БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За годишно одржување на овие површини, во обем и фреквенција опишани во оваа програма, согласно Буџетот на Општина Демир Капија предвидени се **1.500.000,00** денари.

Активностите утврдени во оваа Програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота утврден со Одлука за утврдување на надоместоккот за одржување на јавната чистота бр.07-502/2 од 31.08.2009 година донесена од Советот на Општина Демир Капија и од Буџетот на општина Демир Капија

Надоместок за одржување на јавна чистота од физички и правни лица во вкупен износ од 229.830,00 ден. од кои:

- Физички лица -> 180.340,00 ден.
- Правни лица -> 49.490,00 ден.

---

Надоместок за одржување на јавна чистота од буџет на Општина Демир Капија:

1.270.170,00 ден.

**ДЕТАЛЕН ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД**

| УЛИЦА | | површина (м2) | цена | интеракции | износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот со ул. Првомајска до спојот со ул. 11ти Октомври | | | | |
| | метење | 927,00 | 0,40 | 288 | 106.790,40 ден |
| | миење | 1236,00 | 0,50 | 15 | 9270,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 206,00 | 5,20 | 5 | 5.356,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **121.416,40 ден** |
| 2. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот со ул. 11ти Октомври до стар мост нарека Бошавица | | | | |
| | метење | 1430,00 | 0,40 | 288 | 164.736,00 ден |
| | миење | 1716,00 | 0,50 | 15 | 12.870,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 286,00 | 5,20 | 5 | 7.436,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **185.042,00 ден** |
| 3. | Улица „11 Октомври“ - од спојот со ул. Маршал Тито до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул. Маршал Тито | | | | |
| | метење | 654,00 | 0,40 | 288 | 75.340,80 ден |
| | миење | 2398,00 | 0,50 | 15 | 17.985,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 103,00 | 5,20 | 5 | 2.678,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **96.003,80 ден** |
| 4. | Улица „11 Октомври“ - Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | | | | |
| | метење | 512,00 | 0,40 | 15 | 3.072,00 ден |
| | миење | 1127,50 | 0,50 | 12 | 6.765,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 922,50 | 5,20 | 5 | 23.985,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **33.822,00 ден** |
| 5. | Улица „Партизанска“ | | | | |
| | метење | 2970,00 | 0,40 | 15 | 17.820,00 ден |
| | миење | 8910,00 | 0,50 | 12 | 53.460,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **71.280,00 ден** |
| 6. | Улица „Првомајска“ | | | | |
| | метење | 1240,00 | 0,40 | 15 | 7.440,00 ден |
| | миење | 3720,00 | 0,50 | 12 | 22.320,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **29.760,00 ден** |
| 7. | Улица „3“ | | | | |
| | метење | 1375,00 | 0,40 | 15 | 8.250,00 ден |
| | миење | 1512,50 | 0,50 | 12 | 9.075,00 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | рачно чистење на снег и мраз | 1650,00 | 5,20 | 5 | 42.900,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **60.225,00 ден** |
| 8. | Обиколница - од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | | | | |
| | метење | 700,00 | 0,40 | 15 | 4.200,00 ден |
| | миење | 2100,00 | 0,50 | 12 | 12.600,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **16.800,00 ден** |
| 9. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот на ул."Првомајска" со ул."Маршал Тито" до влез во Вила Марија | | | | |
| | метење | 1200,00 | 0,40 | 15 | 7.200,00 ден |
| | миење | 3900,00 | 0,50 | 12 | 23.400,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 975,00 | 5,20 | 5 | 25.350,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **55.950,00 ден** |
| 10. | Централен плоштад „Маршал Тито“ | | | | |
| | метење | 3880,00 | 0,40 | 15 | 23.280,00 ден |
| | метење | 2100,00 | 0,40 | 288 | 241.920,00 ден |
| | миење | 5079,00 | 0,50 | 12 | 30.474,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 1270,00 | 5,20 | 5 | 33.020,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **328.694,00 ден** |
| 11. | Стар мост на река Бошавица | | | | |
| | метење | 690,00 | 0,40 | 288 | 79.488,00 ден |
| | миење | 1035,00 | 0,50 | 12 | 6.210,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 206,00 | 5,20 | 3 | 3.213,60 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **88.911,60 ден** |
| 12. | Нов мост на река Бошавица | | | | |
| | метење | 375,00 | 0,40 | 288 | 43.200,00 ден |
| | миење | 900,00 | 0,50 | 15 | 6.750,00 ден |
| | рачно чистење на снег и мраз | 515,00 | 5,20 | 3 | 8.034,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **57.984,00 ден** |
| 12. | Парк „Река Бошава“ | | | | |
| | метење | 1200,00 | 0,40 | 15 | 7.200,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **7.200,00 ден** |
| 12. | Парк по насип на река Бошавица | | | | |
| | метење | 400,00 | 0,40 | 15 | 2.400,00 ден |
| | **ВКУПНО** | | | | **2.400,00 ден** |
| 13. | **За дополнителни работи и вонредно одржување** | | | | **115.698,00 ден** |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО** | **1.271.186,80 ден** |
| | | | | **ДДВ** | **228.813,62 ден** |
| | | | | **ВКУПНО СО ДДВ** | **1.500.000,42 ден** |

**ВРЕМЕНСКИ ТАБЕЛИ НА АКТИВНОСТИ**

- **метење на улици – неделно**

| ред.бр. | Површина | Пон. | Вто. | Сре. | Чет. | Пет. | Саб. | Нед. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „Првомајска”, до спој со ул. „11-ти Октомври” - Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | |
| 2. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „11-ти Октомври” - крај на Плоштад-Пешачка зона), до „Стар мост” на река „Бошавица” ) | X | X | X | X | X | X | |
| 3. | ул. „11-ти Октомври” (од спој со ул. „Маршал Тито”-кај каналот, до првото вкрстување, паралелно со општинските простории, до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето, вклучувајќи ја и оваа улица, до повторното вкрстување со ул. „Маршал Тито”) | X | X | X | X | X | X | |

- **метење на плоштад и мостови – неделно**

| ред.бр. | Површина | Пон. | Вто. | Сре. | Чет. | Пет. | Саб. | Нед. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | |
| 2. | „Стар мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | |
| 3. | „Нов мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | |

- **метење на улици – месечно**

| ред.бр. | Површина | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул.„Партизанска” (од спојот со ул. „Маршал Тито”-кај Пунктот на ЈП „Македонија пат”, до спојот со ул. „Даме Груев”) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | ул. „Првомајска” (од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито”-кај „Пипераната”, до влезот на Црквата „Св. Богородица”) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | Улица „11 Октомври“ - Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 4. | Улица „3“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 5. | Обиколница - од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот на ул."Првомајска" со ул."Маршал Тито" до влез во Вила Марија | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 7. | Парк „Река Бошава“ | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 8. | Парк по насип на река Бошавица | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 9. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

- **миење на улици – еднаш месечно**

| ред.бр. | Површина | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „Првомајска”, до спој со ул. „11-ти Октомври” - Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „11-ти Октомври” -крај на Плоштад-Пешачка зона), до „Стар мост” на река „Бошавица” ) | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | ул. „11-ти Октомври” (од спој со ул. „Маршал Тито”-кај каналот, до првото вкрстување, паралелно со општинските простории, до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето, вклучувајќи ја и оваа улица, до повторното вкрстување со ул. „Маршал Тито”) | X | X | X | X | X | X | X |
| 4. | ул. „Партизанска“ (од спојот со ул. „Маршал Тито“-кај пунктот на ЈП „Македонија пат“, па до спојот со ул. „Даме Груев“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 5. | ул. „Првомајска“ (од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито“, кај Пипераната, па се до влезот на Црквата „Св. Богородица“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 6. | Улица „11 Октомври“ - Од вкрстувањето на „ул. 11 Октомври“ паралелно со просториите на старата Општина со „ул. 11 Октомври“ кон спортската сала до спојот со новиот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 7. | Улица „3“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 8. | Обиколница - од новиот мост до стариот мост на река „Бошавица“ | X | X | X | X | X | X | X |
| 9. | Улица „Маршал Тито“ - од спојот на ул."Првомајска" со ул."Маршал Тито" до влез во Вила Марија | X | X | X | X | X | X | X |

- **миење на улици – по потреба**

| ред.бр. | Површина | I | II | III | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „Првомајска”, до спој со ул. „11-ти Октомври” - Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | X | X | X | X | X |
| 2. | ул. „Маршал Тито” (од спојот со ул. „11-ти Октомври” -крај на Плоштад-Пешачка зона), до „Стар мост” на река „Бошавица” ) | X | X | X | X | X |
| 3. | ул. „11-ти Октомври” (од спој со ул. „Маршал Тито”-кај каналот, до првото вкрстување, паралелно со општинските простории, до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето, вклучувајќи ја и оваа улица, до повторното вкрстување со ул. „Маршал Тито”) | X | X | X | X | X |
| 4. | ул. „Партизанска“ (од спојот со ул. „Маршал Тито“- кај пунктот на ЈП „Македонија пат“, па до спојот со ул.„Даме Груев“ | X | X | X | X | X |
| 5. | ул. „Првомајска“ (од вкрстувањето со ул. „Маршал Тито“, кај Пиперaната, па се до влезот на Црквата „Св. Богородица“ | X | X | X | X | X |

- **миење на плоштад и мостови – еднаш месечно**

| ред.бр. | Површина | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | „Стар мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | „Нов мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X | X | X |

- **миење на плоштад и мостови – по потреба**

| ред.бр. | Површина | I | II | III | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Централен плоштад „Маршал Тито” (Пешачка зона) | X | X | X | X | X |
| 2. | „Стар мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X |
| 3. | „Нов мост” на река „Бошавица” (Пешачки тротоари и дел од коловоз) | X | X | X | X | X |

Секоја дополнителна измена на Програмата ќе влијае на висината на надоместокот за одржување на јавната чистота.

## 8 НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на оваа програма врши општинскиот комунален инспектор.

За извршените активности на терен, ЈПК "БОШАВА" се задолжува да доставува квартални (на секои три месеци) извештаи за извршена работа (извршена работа и потврдена од страна на општината) до Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, а на крајот на годината и годишен извештај кој ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на општина Демир Капија.

## 9 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 90/13
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2025 година**

Се објавува Програма за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/12
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основ на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16 и "Службен весник на РСМ" бр.65/23), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
За заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2025 година

**I Вовед**

Програмата за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните и обврските на општините кои произлегуваат од истиот.

За заштита на населението од опасности кои животните можат да ги предизвикаат, а посебно заради обезбедување на елементарна заштита и благосостојба на животните, општините се задолжени да применуваат мерки за заштита и третман на бездомни кучиња.

Постапките за третман на бездомни кучиња се дефинирани согласно закон, врз основ на кој општините изготвуваат Годишна програма за работа, усогласена со предвидениот буџет за реализација на потребните активности.

Постапката ги вклучува следните општи мерки:

1.Заловување на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственик и привремено сместување во прифатилиште.

2.Третман на бездомни кучиња (стерилизација, ветеринарно – медицински третман, тест за стерилизација, обележување со микрочип и ушна маркица, враќање во реонот од каде што е земено, вдомување и внес на сите податоци во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство)

Општите мерки ги организира единицата на локалната самоуправа и се спроведуваат во соработка со останатите надлежни институции и регистрирани субјекти овластени за вршење на дејност-прифатилишта.

Посебна мерка за заштита на населението и третман на бездомни улични кучиња е Хумана еутаназија на бездомни кучиња, во случај на појава на заразна болест.

Специфичните мерки за заштита се спроведуваат во случај на појава на заразна болест, која може да се пренесе со кучињата, односно доколку постои опасност од појава на ваква болест, може да се направат исклучоци од основните мерки и да се спроведе хумана еутаназија на кучињата

**II.Активности**

Со програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението и заштита и благосостојба на животните, се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансирање средства за спроведување на општите мерки на територијата на општина Демир Капија.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Демир Капија, во соработка со овластена фирма за заловување која има прифатилиште и дозвола од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Општина Демир Капија преку меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Вардарскиот плански регион (Росоман, Велес, Кавадарци, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово) основаше Јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци.

Со регистрирање на заедничкото претпријатие, веќе е одредено со која фирма општина Демир Капија ќе има соработка, бидејќи како општина сме сосопственици на истата фирма.

Бројот на заловени кучиња ќе биде во зависност од тоа колку ќе биде цената на едно заловено куче согласно тендерот.

1.Заловување на бездомни кучиња од страна на квалификувани лица

Заловувањето ќе се изврши најкасно 10 дена од потпишување на договорот со фирмата за вршење на услуги.

Заловувањето го планираме да се изврши во градот Демир Капија и во населените места Корешница и Бистренци, а доколку имаме потреба и во останатите селски населби.

2.Заловување на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик, и привремено сместување во прифатилишта.

3.Третман на заловените бездомни кучиња (кастрација, здравствено третирање, социјализација, обележување со микрочип, враќање во регион од каде е заловено)

Заловените кучиња треба да бидат прегледани од доктор по ветеринарна медицина и потоа со нив да се постапува согласно Законската регулатива. Кучињата треба да се вакцинирани против беснило и третирани против екто и ендопаразити, идентификувани со микрочип и сите податоци се внесени во ИСАХВ.

На секое бездомно куче треба да му се спроведе тест за социјализација од страна на овластено лице од АХВ. Оние кучиња кои ќе бидат прогласени за опасни нема да се вратат на реонот на заловување туку ќе бидат понудени за вдомување, а по истек на 30 дена од моментот на спроведување на тестот за социјализација по исцрпување на сите можности за вдомување кучињата ќе бидат еутанизирани.

Одлуката за еутаназија и самата еутаназија ја врши Доктор по ветеринарна медицина. Кучињата кои ќе се вратат на реонот на заловување покрај тоа што ќе се микрочипирани ќе бидат и видливо обележани со ушна маркица во боја пропишана во годишната наредба за здраавствена заштита на животните.

На сите заловени кучиња им се зема крв за утврдување на Лајшманиоза. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на Лајшманиоза се постапува во согласност со актуелната годишна наредба за здравствена заштита на животните.

4.Контрола на популацијата на бездомни кучиња

Сегашната состојба во општина Демир Капија е дека во општината имаме околу 40 кучиња скитници

Општина Демир Капија и во 2025 година ќе продолжи да се грижи за заштита и благосостојба на животните, со правилен третман на бездомните кучиња, согласно закон и Годишна програма. Комуналната редарска служба при општината ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката на комунален ред, и Членовите 140,141 и 142, со кој се прецизираат постапките согласно законот.

Контролата на квалитетот и исправноста во извршување на обврските на општината Демир Капија, согласно Законот за заштита и благосостојба на животните како и Планот и Годишната програма, ќе ја вршат надлежни органи, Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, Сектор за инспекциски надзор.

Регистрираната фирма ЗЈП СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци ќе ги исполнува условите пропишани согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, односно треба да врши:

-заловување,

-вакцинација,

-тест за социјализација,

-еутаназија,

-треба да има прифатилиште за животните согласно законските прописи

-да води регистар на односно досие за секое заловено куче во кое ќе биде опишан целокупниот третман на животното од прифаќање до излегување од Прифатилиштето.

Со самото склучување на договор општината ќе ја извести АХВ.

**III. Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Демир Капија за 2025 година, програма ЕО- општинска администрација (ветеринарни услуги), годишна вакцинација и третман за заштита од штетници, на кучиња и нови бездомни кучиња и истата ќе биде во висина од 300 000,00 денари.

Се надеваме дека предвидените средства ќе бидат доволни за заловување и прифаќање на минимум 30 кучиња.

**IV. Известување**

Бидејќи општина Демир Капија нема јавни гласила, сите известувања и информации до граѓаните ќе се вршат преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, соработка на општината со полицијата, разните здруженија за заштита на животните како и останати невладини организации.

**V. Контрола**

Контрола над спроведување на општинските мерки на општина Демир Капија за заштита и благосостојба на животните, врши претставник од одделението за инспекциски надзор при општина Демир Капија.

Во текот на годината ќе се спроведат како редовни така и вонредни Инспекциски надзори од страна на Комуналниот инспектор и комуналните редари во општината согласно нивните надлежности од Законот за благосостојба и заштита на животните

Во случај на спроведување на посебни мерки ќе биде известена Агенцијата за храна и ветеринарство, за вршење на инспекциски надзор.

**VI. Завршни одредби**

Оваа програма има важност за тековната 2025 година. Во случај на потреба од активности кои не се предвидени во истата програма, советот на општина Демир Капија ќе донесе измени и надополнувања на истата.

Број 08 – 90/14
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за изменување и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/13
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 224/24 и 233/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2025 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/24), во точка 2, графичкиот дел се дополнува со нови графички прилози со одбележани градежни парцели што ќе биде предмет на менаџирање и детален преглед на градежни парцели утврдени со Урбанистички план за село Чифлик, Општина Демир Капија (ГП 2.32) и Урбанистички план за село Корешница, КО Корешница, Општина Демир Капија (ГП 9.20, ГП 9.21, ГП 9.22, ГП 9.41, ГП 9.42 и ГП 9.43)

Табеларниот преглед за ГП 1.1 утврдена со Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија, К.О.Челевец, Општина Демир Капија се заменува со нов табеларен преглед.

2. Табеларните прегледи со графички прилози се составен дел на оваа програма.

3. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

**Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија, К.О.Челевец, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 1.1** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 25936.60 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | Г2 | | | |
| Намена на земјиште опис | Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП.Бр.15/7 К.О.Челевец | | | |
| Површина на градба | 17181.89 | | | |
| Бруто развиена површина | 51545.67 | | | |
| Процент на изграденост | 66.25 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 1.99 | | | |
| максимална дозволена висина | 12 м | | | |
| Катност | П+2 | | | |

**Урбанистички план за село Чифлик, КО Чифлик, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 2.32** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 429 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | А1 | | | |
| Намена на земјиште опис | Домување во станбени куќи | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | дел од КП.Бр.420 К.О.Чифлик | | | |
| Површина на градба | 229 | | | |
| Бруто развиена површина | 916 | | | |
| Процент на изграденост | 53 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 2.1 | | | |
| максимална дозволена висина | 10.20 м | | | |
| Катност | П+2+Пк | | | |

**Урбанистички план за село Корешница, КО Корешница, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 9.20** | **ГП 9.21** | **ГП 9.22** | **ГП 9.41** | **ГП 9.42** | **ГП 9.43** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 479 | 576 | 819 | 748 | 568 | 579 |
| Намена на земјиште (основна класа) | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 |
| Намена на земјиште опис | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи | Домување во станбени куќи |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | дел од КП.Бр.653 К.О.Корешница | дел од КП.Бр.653 К.О.Корешница | дел од КП.Бр.653 К.О.Корешница | дел од КП.Бр.653 К.О.Корешница | дел од КП.Бр.653 К.О.Корешница | дел од КП.Бр.653 К.О.Корешница |
| Површина на градба | 258 | 292 | 315 | 279 | 281 | 334 |
| Бруто развиена површина | 1032 | 818 | 882 | 781 | 787 | 935 |
| Процент на изграденост | 53.86 | 50.69 | 38.46 | 37.30 | 49.47 | 57.69 |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 2.2 | 1.4 | 1.1 | 1.1 | 1.4 | 1.6 |
| максимална дозволена висина | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м |
| Катност | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк | П+2+Пк |

Број 08 – 90/15
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Општински буџетски календар на Општина Демир Капија за 2026 година**

Се објавува Општински буџетски календар на Општина Демир Капија за 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/14
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 27 став (4) и (5) од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година донесе

**ОПШТИНСКИ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2026 ГОДИНА**

Член 1

| **Датум** | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| **Јануари** | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Општинска администрација/Совет на општината |
| **1 Јануари** | Започнува новата буџетска година | |
| **Јануари** | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Јануари** | Подготовка на Граѓански буџет за тековната година и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Најдоцна до 31 јануари** | Подготовка и доставување на квартални извештаи (К1, К2 и К3) за 4 квартал од претходната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **15 дена по истекот на секој месец** | Месечни извештаи на општинските буџетски корисници до општината со образложение за | Општински буџетски корисници |

| | | |
|---|---|---|
| | извршувањето на нивните финансиски планови | |
| **Најдоцна до 28 февруари во тековнатата година, за претходната година** | Се изготвува и доставува Годишната сметка на буџетот до Советот на општината | Градоначалник |
| **Најдоцна до 15 март во тековнатата година, за претходната година** | Се донесува Годишната сметка на буџетот | Совет на општина |
| **Најдоцна до 31 март во тековнатата година, за претходната година** | Годишната сметка на буџетот се доставува до Министерството за финансии | Градоначалникот |
| **Најдоцна до 30 април** | Подготовка и доставување на квартални извештаи (К1, К2 и К3) за 1 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансии |
| **Април/Мај** | Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за наредната фискална година | Совет/општинска администрација |
| **Најдоцна до 31 јули** | Подготовка и доставување на квартални извештаи (К1, К2 и К3) за 2 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина | Градоначалник, Сектор за финансиски прашања |
| **Август/Септември** | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период, и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн. По потреба се реализираат првични форумски сесии/консултативни средби со граѓаните | Градоначалник/ Општинска администрација |
| **Август/Септември** | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми | Градоначалник |
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министерство за финансии |
| **Септември/Октомври** | Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни. На овие форуми може да се разгледуваат нацрт-развојните и нацрт-годишните програми. Бројот на форумските сесии обично е дефиниран во согласност со специфичноста и приоритетите на општината (4-5) и временски усогласен со останатите буџетски чекори | Градоначалник/ Општинска администрација |
| **Најдоцна до 31 октомври** | Подготовка и доставување на квартални извештаи (К1, К2 и К3) за 3 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања |
| **Септември/Октомври** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Општинските буџетски корисници/Општинска администрација |

| | | |
|---|---|---|
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори. | Општинските буџетски корисници/Општинска администрација/Сектор за финансиски прашања |
| **Октомври** | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет | Сектор за финансиски прашања |
| **Октомври** | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува издава насоки Градоначалникот | Градоначалник/Општинска администрација |
| **Најдоцна до 20 октомври** | Предлог план на програми за развој и Годишните програми усогласен со насоките од Циркуларот се доставува на одобрување до Советот на општината. | Градоначалникот |
| **Најдоцна до 15 ноември[1]** | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Совет на општина |
| **Крај на ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на секторот за финансиски прашања на општината. | Градоначалник |
| **Крај на ноември** | Споделување на предлог буџетот, годишните и развојните програми со јавноста, организирање на информативна сесија. Доколку има издржана сугестија/забелешка од јавноста истата се имплементира пред доставување на предлог буџетот до Советот. | Градоначалник |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение | Градоначалник |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Совет на општина |
| **Крај на декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | Совет на општина |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Демир Капија за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Демир Капија".

[1]Согласно новиот Закон за буџети (Службен весник на РСМ бр.203/22, 76/24 и 272/24), член 37, став (8), Градоначалникот на општината го доставува предлог-буџетот до Советот за донесување најдоцна до 15 ноември во тековната година. Советот на општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 25 декември во тековната година и се објавува на веб-страницата на општината.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 90/16<br>31.01.2025 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –120/15<br>03.02.2025 година<br>Демир Капија | Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 41 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/2005), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување на член во Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата**

**1.** Од член во Комисијата за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата се разрешува Александар Галапчев, поради престанок на мандат.

За нов член до истекот на мандатот **СЕ ИМЕНУВА**

- **Александар Тегов**

**2.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 90/17<br>31.01.2025 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за јавни дејности**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за јавни дејности, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –120/16<br>03.02.2025 година<br>Демир Капија | Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 41 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/2005), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување на член во Комисијата за јавни дејности**

**1.** Од член во Комисијата за јавни дејности се разрешува Александар Галапчев, поради престанок на мандат.

За нов член до истекот на мандатот **СЕ ИМЕНУВА**

- **Александар Тегов**

**2.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 90/18<br>31.01.2025 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за месна самоуправа**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член во Комисијата за месна самоуправа, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/17
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 41 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/2005), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување и именување на член во Комисијата за месна самоуправа**

**1.** Од член во Комисијата за месна самоуправа се разрешува Александар Галапчев, поради престанок на мандат.

За нов член до истекот на мандатот **СЕ ИМЕНУВА**

- **Александар Тегов**

**2.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 90/19
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2024 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/18
03.02.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 став 1 алинеја 8 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Демир Капија на XLII седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2024 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2024 година бр.09-54/1 од 15.01.2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/20
31.01.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство", што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/19 Градоначалник на
03.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLII-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

**1.** СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство" за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, на Здружение за родова еднаквост ВИЗИЈА Кавадарци.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 90/21 Претседател на Совет на
31.01.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.01.2025 година.

Број 09 –120/20 Градоначалник на
03.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето бр.08-76/1 од 21.01.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLII-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **10.000,00 (десет илјади) денари** на лицето **РАДА ДИМИТРОВА** од Демир Капија ул.Илинденска бр.33.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210-5016306711.23 на лицето Рада Димитрова од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 90/22 Претседател на Совет на
31.01.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---



# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2025-2028 ГОДИНА

*Декември 2024 година*

## 1. ВОВЕД

Согласно член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), општините се надлежни за вршење на работи од областа на социјалната заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари лица, остварување на социјална грижа за инвалидните лица, децата без родители и родителска грижа, деца со воспитносоцијални проблеми, деца со посебни потреби, децата од еднородителски семејства, децата на улица, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- Промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,
- Спречување на социјалната исклученост,
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Социјалната заштита се остварува и преку превземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон.

Во оваа насока општините формираат Општински совет за социјална заштита. Општинскиот совет за социјална заштита го изготвува социјалниот план за подрачјето на општината кој содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги на локално ниво.

Основната цел на овој план е да обезбеди рамка за следење и проценка на мерките на социјална заштита што се планираат да се спроведат со цел да се идентификуваат навреме и колку што е можно повеќе да се избегнуваат потенцијалните ризици кои ги ставаат одредени групи во сиромаштија и социјална исклученост.

### 1.1 ОПШТИНСКА СТРУКТУРА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПЛАН

Социјалниот план на Општина Демир Капија го изготвува Општинскиот совет за социјална заштита.
Општинскиот совет за социјална заштита (во понатамошниот текст: ОССЗ) е формиран со Одлука на Советот на општината од 18.08.2020 година. Со решение бр.08-507/7 од 26.08.2024 година именуван е нов состав на советот со мандат од четири години. Во работата на ОССЗ учествуваат претставници од општинската администрација, претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, претставник од Центарот за вработување Неготино, претставник од основното училиште, претставник од детската градинка и претставник од МВР-ОВР Неготино. На ден 05.09.2024 година беше одржана и првата конститутивна седница на новиот состав на ОССЗ на Општина Демир Капија.
Во рамките на општинската администрација согласно организационата поставеност, работите кои се однесуваат на надлежноста од областа на социјалната заштита и заштита на децата ги врши Одделението за јавни дејности при Секторот за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи, каде е предвидено работно место, кое не е пополнето.

## 1.2 СОЦИО-ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА

Општина Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија, односно југоисточниот дел на Тиквешката котлина на исклучително важна географско - стратешка положба. Зафаќа површина од 309 км2. Градот се наоѓа на 115 метри надморска височина и е оддалечен 19 км јужно од Неготино, 29 км југоисточно од Кавадарци, 35 км северозападно од Валандово, 45 км северно од Гевгелија и 60 км југоисточно од Велес. Општина Демир Капија граничи со соседните општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче.
Во состав на општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевец и Чифлик.

- **Демографски податоци на Општина Демир Капија, според пописот од 2021 година**

Според податоците од пописот од 2021 година, во Демир Капија и населените места на Општина Демир Капија живеат 3777 жители во 1443 домаќинства, а регистрирани се 2219 станови.

| | | ВКУПНО |
|---|---|---|
| **Демир Капија** | **Пол - ВКУПНО** | 3777 |
| | **Мажи** | 1949 |
| | **Жени** | 1828 |

*Табела бр.1* *Извор: Државен завод за статистика*




Споредено со податоците од пописот од 2002 година укажува дека населението има тенденција на постојано намалување (миграции) во поголемите општини или иселување од државата во странство што е тренд во последните години и тоа претежно на млади образовни кадри.

| **Вкупно резидентно население по возрасни групи** | | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|
| **Демир Капија** | **Возрасна група - ВКУПНО** | **3777** | **%** |
| | **0-29** | 1149 | 30,42 |
| | **30-64** | 1876 | 49,66 |
| | **65-85+** | 752 | 19,90 |

*Табела бр.2* *Извор: Државен завод за статистика*

Според табелата бр.2 можеме да заклучиме дека населението на возраст од 0-29 години е побројно во однос на бројот на старото население во нашата општина. Додека пак најбројна е популацијата од 30-64 години.

Според изјаснување по националната припадност во Општина Демир Капија состојбата е следна:

| Етничка припадност и пол | Демир Капија | | |
|---|---|---|---|
| | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
| **Етничка припадност - ВКУПНО** | 3777 | 1949 | 1828 |
| **Македонци** | 3076 | 1584 | 1492 |
| **Албанци** | 14 | 1 | 13 |
| **Турци** | 376 | 208 | 168 |
| **Роми** | 37 | 20 | 17 |
| **Власи** | 2 | 2 | - |
| **Срби** | 130 | 66 | 64 |
| **Бошњаци** | 1 | - | 1 |
| **Други** | 26 | 14 | 12 |
| **Не се изјасниле** | - | - | - |
| **Непознато** | - | - | - |
| **Лица за кои податоците се превземени од административни извори** | 115 | 54 | 61 |

*Табела бр.3* *Извор: Државен завод за статистика*

Според табелата бр.3 можеме да заклучиме дека во општина Демир Капија најбројно е населението од македонска националност, второ по бројност е населението од турска националност.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНО МАПИРАЊЕ

- ***Податоци добиени од страна на Агенцијата за вработување – Центар за вработување Неготино***

| Демир Капија | Вкупно | | Од 15-19 год. | | Од 20-24 год. | | Од 25-29 год. | | Од 30-34 год. | | Од 35-39 год. | | Од 40-44 год. | | Од 45-49 год. | | Од 50-54 год. | | Од 55-59 год. | | Од 60 год. и пов. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| | 106 | 53 | 2 | 1 | 11 | 6 | 11 | 10 | 8 | 5 | 9 | 5 | 12 | 6 | 5 | 1 | 12 | 8 | 17 | 8 | 19 | 3 |

***Преглед невработени лица според возрасна структура со состојба на 30.09.2024 година***

Според горенаведената табела прикажана според возрасната структура на невработените лица, можеме да заклучиме дека најбројни евидентирани во Центарот за вработување како баратели на работа се на возраст од 55-59 години и од 60+ години.

| Демир Капија | Вкупно | | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | ВИШЕ СО | | ВИСОКО СО | | Магистри | | Доктори | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| | 106 | 53 | 43 | 21 | 5 | 1 | 11 | 5 | 0 | 0 | 42 | 23 | 0 | 0 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |

***Преглед на невработени лица според степен на образование со состојба на 30.09.2024 година***

Според степенот на образование најголем број од невработените лица се неквалификуваните лица, а веднаш по нив се лицата со завршено средно образование.

| Демир Капија | Вкупно | | Македонски | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **106** | **53** | **94** | **46** | **0** | **0** | **6** | **4** | **4** | **3** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2** | **0** |

***Преглед невработени лица според национална припадност со состојба на 30.09.2024 година***

| **Демир Капија** | **Вкупно** | | **Од 15-19 год.** | | **Од 20-24 год.** | | **Од 25-29 год.** | | **Од 30-34 год.** | | **Од 35-39 год.** | | **Од 40-44 год.** | | **Од 45-49 год.** | | **Од 50-54 год.** | | **Од 55-59 год.** | | **Од 60 год. и пов.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** |
| | **2** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

***Преглед на невработени инвалидни лица според старосна структура со состојба на 30.09.2024 година***

Исто така, согласно податоците можеме да констатираме дека во моментот се евидентирани вкупно 2 инвалидни лица кои се мажи на возраст од 30-34 години и од 35-39 години со завршено основно образование (неквалификувани).

- Во Општина Демир Капија нема подрачна канцеларија на Агенцијата за вработување.

- ***Податоци добиени од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино***

Бараните податоци од страна на ЈУМЦСР Неготино се однесуваат на мапирање на лицата од неколку аспекти односно невработеност/сиромаштија, лица со попреченост, старост, бездомништво, семејно насилство и родово базирано насилство, деца без родители и родителска грижа, деца на улица, лица корисници на вон-семејна грижа и друго.

| **Корисници на права на парична помош од социјална заштита** | **2024** |
|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 33 |
| Надоместок заради попреченост<br>Вид попреченост: | |
| -со тешка или длабока интелектуална попреченост | 4 |
| -со најтешка телесна попреченост | 6 |
| -потполно слепо лице | / |
| -потполно глуво лице | 5 |
| Надоместок за помош и нега од друго лице | 138 |
| Надоместок на плата за скратено работно време | 2 |
| Додаток за домување | / |
| Траен надоместок | / |
| Еднократна парична помош | 4 |

Најголем број се лица кои користат паричен надоместок за помош и нега од друго лице, а потоа гарантирана минимална помош.

| | **2024** |
|---|---|
| Право на здравствена заштита | 7 |

| **Корисници на права за заштита на децата** | **2024** |
|---|---|
| Детски додаток | 21 |
| Посебен додаток | 9 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 10 |
| Родителски додаток за дете | 30 |
| Додаток за образование | 35 |

| | |
|---|---|
| Партиципација | / |

| | **2024** |
|---|---|
| Право на социјална сигурност за старите лица | 3 |
| **Услуги од социјална заштита** | **2024** |
| **Брак и семејство** | |
| Бракоразводни постапки | 1 |
| Лица со нарушени партнерски и брачни односи | / |
| Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее | / |
| Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетсво | / |
| Жртва на семејно насилство | 5 |
| Сторител на семејно насилство | 5 |
| **Заштита на деца** | |
| Дете без родители и родителска грижа | 1 |
| Дете со попреченост | 9 |
| Дете во ризик | 5 |
| Дете во судир со закон | / |
| Малолетно лице под старателство | 1 |
| Надзор над вршење на родителско право | 1 |
| Одземање на родителско право | / |
| Посвојување | / |
| **Заштита на возрасни** | |
| Полнолетно лице со попреченост | 15 |
| Возрасно лице под старателство (целосно одземена деловна способност) | 4 |
| Возрасно лице под старателство (делумно одземена деловна способност) | / |
| Старателство на возрасно лице за посебен случај | / |
| Лице кое злоупотребува дроги и други психотропни супстанци | / |
| Лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од алкохол | / |
| Возрасно лице со изречена алтернативна мерка | / |
| Возрасно лице по отпуштање од казнена установа | / |
| Лице жртва на трговија со луѓе | / |
| Бездомно лице | / |
| Старо лице | / |
| Носител на згижувачко семејство | / |
| Советувалиште за брак и семејство | / |

| **Социјални услуги** | **2024** |
|---|---|
| **Услуги во домот** | |
| Помош и нега во домот | 28 |
| Лична асистенција | 4 |
| **Услуги на вон-семејна заштита** | |
| Живеење со поддршка | / |
| Згрижување во друго семејство | / |
| Сместување во установа | / |

- Во Општина Демир Капија нема подрачна канцеларија на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, за да граѓаните можат непосредно да ги користат услугите на информирање и упатување, што значи дека информирањето на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги е отежнато имајќи во предвид дека треба да се патува во Неготино.

- ***Податоци добиени од страна на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија***

Според податоците добиени од основното училиште во учебната 2024/2025 година запишани се 315 ученици од кои 164 (машки) и 151 (женски). Во редовниот образовен процес вклучени се 10 ученици со попреченост од кои 7 (машки) и 3 (женски). Во училиштето ангажирани се 5 образовни асистенти преку ОУРЦ "Маца Ѓорѓиева Овчарова" Велес.

- ***Податоци добиени од страна на Здружение на пензионери Демир Капија***

Пензионерите се организирани во Здружение на пензионери Демир Капија, основано во 2010 година. Бројот на членови – пензионери за 2023 година изнесува 713, од кои 22 се корисници на инвалидска пензија. Здружението не располага со сопствен објект.

- **Активности кои Општина Демир Капија ги презема во поддршка на социјалната заштита и развојот на социјални услуги**

➢ ***Проект "Народна кујна"***

Врз основа на Договор за соработка и заедничко финансирање бр.03-814/1 од 31.10.2014 година во Општина Демир Капија се спроведува проектот "Народна кујна" во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Неготино и ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија со кој се обезбедува топол оброк за лица со социјални проблеми (13 корисници).
Дополнително со Одлука бр.08-383/19 од 17.06.2024 година за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Народна кујна за лица со социјални проблеми" во Демир Капија донесена од Советот на општина Демир Капија обезбедени се финансиски средства за уште 7 корисници до 31.12.2024 година.
Корисници на оваа услуга се приматели на социјална помош и лица во социјален ризик.
На овој начин се овозможува подобрување на квалитетот на животниот стандард на оваа социјално ранлива категорија на лица.

➢ ***Проект за подобрување на социјалните услуги – услуга помош и нега во домот***

Општина Демир Капија во соработка со Здружението за подршка и развој Хуманост (лиценциран давател на социјални услуги) од 2020 година го спроведува проектот за подобрување на социјалните услуги од видот Помош и нега во домот за стари лица, финансиран преку МТСП. Услугата обезбедува помош во вршење на основни активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Заклучно со 2024 година оваа услуга можат да ја користат 29 лица.

➢ ***Проект за воспоставување на Регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство***

Општина Демир Капија заедно со општините: Кавадарци, Неготино и Росоман врз основа на Меморандум за соработка бр.09-230/1 од 10.03.2022 година склучен со Здружение за родова еднаквост Визија Кавадарци, учествува со финансиски средства во Проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство", заради финансиска одржливост за непречено функционирање на Советувалишниот центар.
Услугите кои се пружат во Советувалиштето се: советување и поддршка од социјален работник, психосоцијално советување и поддршка од психолог/психотерапевт, правно советување и поддршка, менторство и економско јакнење.
Целта е да се подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца на родово базирано и семејно насилство на локално/регионално ниво, како и да се спречи повторување на идно насилство кај жртвите преку надминување на траумите и последиците од преживеаното насилство, овозможување на економско јакнење и осамостојување на жените жртви на насилство како и спречување на трансгенерациското насилство преку надминување на траумите и последиците од преживеаното.

- ***Проект "Општинско корисна работа"***

Веќе неколку години се спроведува проектот ОКР во соработка со UNDP преку кој се овозможува обука на невработени лица за здобивање со стручни квалификации за вршење на одредени работи и задачи, а истиот се планира да продолжи. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на општината. Преку работното ангажирање невработените лица се стекнуваат со вештини и работно искуство, со што во иднина ќе можат полесно да се вклучат во пазарот на трудот.

- ***Проект "Јавни работи"***

Веќе неколку години се спроведува проектот "Јавни работи" во соработка со Агенцијата за вработување за работно ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи, а истиот се планира да продолжи. Преку оваа услуга општината врши работно ангажирање на невработени лица со ниски квалификации и приматели на социјална помош.

## 3. СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Социјалниот ризик е состојба што има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото општествено функционирање на поединецот, семејството и на одредена група, поради старост, болест, попреченост, повреда или смрт може да дојде во ситуација да има потреба од социјална помош.
Според податоците од мапирањето за овој социјален план, во општина Демир Капија се детектирани следните социјални ризици:

- **РИЗИК ОД СТАРОСТ И СТАРЕЕЊЕ – потреба од помош и нега на стари лица во домашни услови и активно стареење**

Староста – сфатена како неможност за самостојно физичко издржување, поради што се јавува потреба од нега, е идентификувана како најголем социјален ризик.
Согласно демографските податоци од пописот од 2021 година, Општина Демир Капија има 1057 жители со возраст над 60 години што претставува 28% од вкупното резидентно население во општината. Од нив 713 лица се членови на Здружението на пензионери Демир Капија. Нивните барања се обезбедување на простор наменет за посети, престој и дружење на пензионерите, каде што пензионерите ќе имаат можност да поминуваат квалитетно исполнето време во дружење, муабет, друштвени игри (играње на шах, табла, карти и др).
Исто така, согласно добиените податоци дел од старите лица, жители на Општина Демир Капија се корисници на социјални услуги: помош и нега во домашни услови и лична асистенција.
Потребата за услугата помош и нега во домашни услови е една од најбараните услуги.

- Општина Демир Капија има воспоставена соработка со лиценциран давател на овој вид на услуга.

- **<u>РИЗИК ОД СИРОМАШТИЈА</u> – намалување на приходната сиромаштија и вработување**

Невработеноста кај активните баратели на работа, без оглед дали се работи за млади лица или лица во поодминати години е проблем од големо значење и води кон сиромаштија и миграција од Демир Капија. Според податоците во табелите погоре, од вкупната бројка на активни баратели за 2024 година, најголем процент се невработени лица кои се над 60 години, лица пред пензионирање, а како следна категорија е возраста од 55 до 59 години.
Согласно податоците од ЈУМЦСР во 2024 година за подрачјето на Општина Демир Капија има 33 корисници на гарантирана минимална помош.
Со цел полесно справување со сиромаштијата и намалување на овој ризик, Општина Демир Капија има реализирано бројни мерки и активности како парична помош, дистрибуција на прехрамбени пакети и новогодишни пакетчиња, обезбедување топол оброк за лица во социјален ризик.

- **<u>РИЗИК ОД ПОПРЕЧЕНОСТ</u> – деца/лица со попреченост**

Согласно добиените податоци од основното училиште во учебната 2024/2025 година во редовната настава се вклучени 10 деца со попреченост. Имајќи предвид дека низ годините бројот на децата со попреченост во редовна настава во основно образование континуирано се зголемува, услугата образовни асистенти за помош и поддршка на учениците со попреченост во текот на образовниот процес се реализира преку ОУРЦ "Маца Ѓорѓиева Овчарова" Велес. Има потреба од асистенти не само во училиштата, туку и во градинките. Односно за да може да ги даде резултатите инклузијата треба да биде сеопфатна и континуирана, а не како што е сега – ја има само во основните училишта, а во градинките и средните училишта не.
Имајќи предвид и дека родителите тешко се соочуваат со атипичниот развој на своето дете и не го носат на проценка, потребно е во иднина да се направи прецизно мапирање на децата и лицата со попреченост на територијата на општината.
Кај ризикот од попреченост клучна е систематската поддршка на семејствата со лице со попреченост па дури и давање услуги на психолошко советување за прифаќање на состојбата во која се нашло семејството, со цел помош за семејството да ја задржи функционалноста.
Бројот на полнолетни лица со попреченост изнесува 15.
Бидејќи општината нема воспоставена соработка со лиценциран давател на услугата лична асистенција, а истата е барана и потребно е во иднина истата да се реализира.

## 4. <u>СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА И СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ</u>

Мерките на социјална превенција се реализираат за заштита од социјални ризици, спречување на појавата на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните.
Мерките на социјална превенција, се утврдуваат во годишната програма за социјална заштита.
Социјални услуги кои се обезбедуваат согласно Законот за социјалната заштита, се:
1. услуги на информирање и упатување;
2. услуги на стручна помош и поддршка;
3. услуги на советување;
4. услуги во домот;
5. услуги во заедницата и
6. услуги за вон-семејна заштита.

### 4.1 Постоечки социјални услуги

**4.1.1 Услуги на информирање и упатување -** согласно член 71 од Законот за социјалната заштита овие услуги се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино и преку членовите на ОССЗ.

**4.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка -** согласно член 72 од Законот за социјалната заштита овие услуги се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино.

**4.1.3 Услуги на советување -** согласно член 73 од Законот за социјалната заштита овие услуги се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино.
Услуги на стручна помош и поддршка и советување на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство нуди и Регионалниот советувалишен центар.

**4.1.4 Услуги во домот**

- **Помош и нега во домот –** во општина Демир Капија услугата за помош и нега на стари лица во домашни услови се спроведува од страна на Здружението за подршка и развој Хуманост, лиценциран и овластен давател на социјални услуги со финансиски средства обезбедени од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) преку потпишување на Управен договор со МСПДМ и поддршка од Општина Демир Капија преку обезбедување на простор во сопственост на општината за испорака на услугата. Во моментот услугата се обезбедува за 29 стари лица од страна на 14 негователи. Согласно со барањата на граѓаните кои имаат потреба од ваквиот тип на услуга истата има потреба од проширување на капацитетите преку вработување на нови негователи и опфат на поголем број на корисници.

- **Лична асистенција –** во моментот услугата се обезбедува за 2 лица од страна на Црвен крст Неготино.

- **Образовни асистенти на ученици со попреченост во редовен образовен процес –** оваа услуга се реализира во основното училиште од страна на 5 образовни асистенти ангажирани од ОУРЦ "Маца Ѓорѓиева Овчарова" Велес.

**4.1.5 Услуги на дневен престој**

- **Реинтерграција –** како социјална услуга е обезбедена од страна на Општина Демир Капија и во рамки на проектот Општинско –корисна работа, организиран со поддршка на УНДП (ОКР). Станува збор за обезбедување на обука на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. Со овој проект се обезбедува нивно социјално вклучување преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и понатамошно постепено вклучување на пазарот на труд. Резултатите од овој проект се видливи, конкретно преку ЈОУДГ Борис Трајковски Демир Капија, невработени лица се здобија со лиценци како квалификација за вршење на работи и задачи како негователи.

- **Ресоцијализацијата –** како социјална услуга општината ја организира преку својата активност насловена како Јавни работи. Преку неа се врши ангажирање на невработени лица од евиденцијата на приматели на социјална помош во јавните претпријатија основани од општината, во периодите кога се јавува потреба од дополнителен број на работници – во сезонскиот период кога обемот на работни задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, кога има потреба од извршување на дополнителни активности надвор од предвидените програми за работа. На овој начин, со работно ангажирање на оваа категорија на граѓани им се овозможува социјално вклучување и дополнителен паричен надоместок.

### 4.1.6 Услуги на вон-семејна заштита

- **Живеење со поддршка -** оваа услуга на територијата на Општина Демир Капија се спроведува од страна на Здружението за подршка и развој Хуманост, преку раководење со станбени единици за живеење со поддршка. Услугата живеење со поддршка се обезбедува преку 24-часовна поддршка во 3 мали станбени единици за живеење со поддршка. Со оваа услуга се опфатени вкупно 15 корисници на услугата со интелектуална попреченост, деинституционализирани од Специјалниот завод Демир Капија, како и корисници од билошки семејства.
- **Сместување во установа -** на територијата на Општина Демир Капија постои државна установа за сместување на лица со пречки во менталниот развој ЈУ Специјален завод Демир Капија, која обезбедува сместување, згрижување, здравствена заштита, рехабилитација, работна и окупациона терапија, во согласност со способностите на корисниците и нивната здравствена состојба. Моментално во заводот се сместени околу 40 корисници со интелектуална попреченост, но исто така Специјалниот завод Демир Капија, раководи со 11 станбени единици за живеење со поддршка од кои 8 се на територија на општина Демир Капија, додека 3 се на територија на општина Неготино. Во станбените единици во Демир Капија се сместени вкупно 40 корисници на услугата со интелектуална попреченост.

## 4.2 Нови социјални услуги

За воспоставување на нови социјални услуги засновани на потребите на зедницата, а воедно истите ќе овозможат подобри услови за живот, но и подобра и посилна заедница, Општина Демир Капија во наредниот период планира поддршка и подобрување на постоечките услуги и воспоставување на нови социјални услуги засновани од потребите на зедницата.

### 4.2.1 Услуги на информирање и упатување

- **Стручно лице од областа на социјалната заштита**– службеник во општината што ќе работи на социјалните прашања и ќе биде одговорен за социјалните услуги.
- **Инсталирање алатка Accessibility Helper sidebar –** со инсталирање на алатката на web страната на општината ќе се олесни пристапот до информациите на лицата со попреченост, со неколку можности за

зголемување на фонтот на буквите/броевите, навигација со тастатура, читлив фонт, боја на контраст и подвлечен линк.

- **Виртуелен центар за поддршка ОАСИС** – целта на оваа веб платформа е да информира, упатува за потребите на лицата со попреченост и достапните услуги наменети за нив. Исто така оваа платформа дава и поддршка на семејствата на лица со попреченост. https://virtuelencentaroasis.mk/. Оваа веб платформа е раководена од Здружението за поддршка и развој Хуманост.

**4.2.2 Услуги на советување –** Воспоставувањето на оваа услуга ќе се реализира во соработка со стручни граѓански организации од оваа област и истата ќе овозможи психо-социјална поддршка и едукација на родителите кои имаат деца со попреченост – интелектуална попреченост, (аутизам, даунов синдром, глуви и наглуви). Во иднина оваа поддршка може да се дава преку специјално креирана платформа за поддршка, информирање на семејствата на глуви и наглуви лица https://www.silent-project.online/mk, раководена во Северна Македонија од Здружението за подршка и развој Хуманост.

**4.2.3 Услуги во домот**

- **Лична асистенција –** согласно податоците од мапирањето општина Демир Капија, има потреба од воспоставување на услугата лична асистенција за поддршка на лицата со попреченост.
  Услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 6 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лицата без попреченост вообичаено ги вршат без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.
  Оваа услуга ќе придонесе кон независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата, обезбедувајќи поддршка за нивно осамостојување, согласно индивидуалните потреби. За воспоставување на оваа услуга општината ќе соработува со веќе лиценциран давател на услугата или ќе потикне организации кои работат во доменот на социјална заштита за воспоставување и лиценцирање на услугата лична асистенција на лица со попреченост.

**4.2.4 Услуги во заедницата**

- **Центар за поддршка на лица со попреченост –** согласно мапирањето детектирана е потребата од отварање на центар за поддршка на лица со попреченост. Услугата опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности. Корисници на услугата ќе бидат, лица со попреченост, маргинализирани лица. За воспоставување на оваа услуга општината ќе соработува со организација која работи во доменот на социјална заштита.

- **Сензорна соба -** за помош и поддршка на учениците со попреченост детектирана е потребата од опремување на просторија со сензорно визуелни елементи во основното училиште или како посебна просторија во дневен центар, со што ќе се овозможи простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетило во зависност од дијагнозата.
- **Младински центар –** воспоставувањето и целта на овој центар е да се обезбеди соодветен и безбеден простор за подобрување на благосостојбата на младите, личниот развој, социјалниот и професионалниот живот на младите, менталното здравје преку имплементирање на посебни програми кои ќе обезбедуваат информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, неформалното учење, младинско учество, рурален туризам, заштита на животната средина, вработување и претриемништво.
- **Центар за здраво и активно стареење-** центарот за активно и здраво стареење ќе има за цел кон зголемување и унапредување на здравјето и социјалната благосостојба на старите и возрасни лица. Преку имплементирање на посебна програма за работа на центарот за здраво и активно стреење ќе се овозможи имплементација на содржини кои придонесуваат за активно учество и одржување на вештини и потенцијалите на старите и возрасни лица, услуги за обезбедување поддршка во заедницата; промовирање на здрави животни стилови, социјализација, спроведување и адаптирање на програмските активности согласно нивните потреби, одржување на физичкото и менталното здравје и намалување на појавата на деменција, обезбедување на повисок квалитет на живот во заедницата, меѓугенерациска соработка во заедницата. За воспоставување на оваа услуга ќе се обезбеди простор во сопственост на општината и истиот ќе биде опремен според потребите за имплементирање на програмата на центарот за здраво и активно стареење.

### 4.2.5 Услуги на вон-семејна заштита

- **Живеење со поддршка-** Иако оваа услуга е веќе воспоставена, согласно постојаните барања за сместување од страна на МСПДМ, ЈУ Центрите за социјална работа како и барања од биолошки и посвојувачки семејства истата услуга има потреба од проширување на капацитетите за сместување. Оваа услуга ќе се реалзира со лиценцирани даватели на социјална услуга, поддржани од МСПДМ.

## Идентификување на социјалните ризици и услуги за нивно надминување

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Старост** | 1.1 Стари лица над 60 години<br>1.2 Стари лица со попреченост<br>1.3 Стари лица со хронични болести | Помош и нега во домот | - координатор на услугата<br>-сертифицирани негователи<br>- опремен простор<br>- вработени во ЈУМЦСР Неготино | - Проширување на капацитетите на услугата помош и нега во домот<br>- Центар за здраво и активно стареење | - негователи<br>- координатор на активности во центарот за здраво и активно стареење |
| **2.Сиромаштија** | 2.1 Невработени млади лица<br>2.2 Активни баратели на работа<br>2.3 Долгорочно невработени лица над 50 години<br>2.4 Ниско квалификувани лица | -Општинско корисна работа<br>- Народна кујна<br>-Јавни работи | вработени во ЈУМЦСР Неготино | - услуги за информирање и упатување<br>- услуги на советување<br>- услуги на стручна помош и поддршка<br>- услуги во заедницата | - Давател/и на социјалните услуги<br>- Специјален едукатор и рехабилитатор<br>-Тренинг провајдери<br>- Психолог<br>- Младински центар<br>- Волонтери<br>- НВО |
| **3.Попреченост** | 3.1 Лица со интелектуална попреченост<br>3.2 Лица со физичка попреченост | -образовни асистенти | - училишен психолог<br>- училишен педагог<br>- училишен тим на инклузија<br>- вработени во ЈУМЦСР Неготино<br>-матични лекари | - услуга во домот: лична асистенција<br>- услуга во заедницата: центар за поддршка на лица со попреченост<br>- сензорна соба | - Координатор на услугата лична асистенција<br>- Сертифицирани лични асистенти на лица со попреченост<br>- Координатор на услугата за центар за поддршка на лица со попреченост<br>- Воспитувач<br>- Специјален едукатор-рехабилитатир |

## Потребни капацитети

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/опфат (број на корисници, површина. итн.) | Потребни финансиски средства | Извори на финансирање или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со: | Време/период на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги за советување** | **Психо-социјална поддршка и едукација** | Општински простории | 20 корисници на услугата | 738.000,00 денари | -Европска Унија<br>-МСПДМ<br>-Други донатори | -ЈУМЦСР Неготино<br>-Здруженија на граѓани | 2025-2026 |
| **Услуга во домот** | **Лична асистенција** | Обезбеден канцелариски простор од страна на општината | -20 корисници на услугата<br>-76м2 простор | 6.988.800,00 годишно<br>27.955.200,00 денари (за 4 години) | - МСПДМ<br>-Европска Унија<br>-Други донатори | -Здружение Хуманост<br>-МСПДМ<br>-ЈУМЦСР Неготино | 2025-2028 |
| **Услуга во заедницата** | **Центар за поддршка на лица со попреченост** | Реконструкција и адаптација на простор | 24 корисници на услугата | -3.705.000,00 денари за воспоставување на услугата<br>-1402,00 денари дневно по корисник за услуга<br>30.854,00 денари месечно по корисник<br>8.885.952, 00 годишно<br>35.543.808,00 за 4 години | -Европска Унија<br>-МСПДМ<br>-Општински буџет<br>-Други донатори | -МСПДМ<br>-Здружение Хуманост<br>-ЈУЦСР Неготино | 2026-2027 |
| **Услуга во заедницата** | **Сензорна соба** | Обезбеден простор од страна на ООУ | 15 корисници -ученици со попреченост | 600.000,00 денари (за опремување) | -Европска Унија<br>-Општински буџет<br>-Други донатори | ООУ Димче Ангелов Габерот | 2026-2027 |
| **Услуга во заедницата** | **Младински центар** | Адаптација на постоечки објект | 30 корисници на услугата | 11.131.500,87 денари за адаптација на простор<br>324.000,00 денари годишно<br>1.296.000,00 (за 4 години) | -Европска Унија<br>-Општински буџет<br>-Други донатори | -Здруженија на граѓани<br>-Младински совет | 2026-2028 |
| **Услуга во заедницата** | **Центар за здраво и активно стареење** | Обезбеден канцелариски простор од страна на општината | Над 50 корисници на услугата<br>-70м2 простор | 300.000,00 денари | Буџет на општина Д.Капија | Здружение на пензионери | 2025 година |

**5. Лиценцирање на даватели на услуги**

Дозвола за вршење работи од областа на социјална заштита, односно лиценцата за работа на давателите на социјалните услуги ја дава Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно Законот за социјална заштита и согласно нормативите и стандардите за давање на социјални услуги коишто ги пропишува министерот.

18.12.2024 година
Демир Капија

Општински совет за социјална заштита
Претседател
Јулијана Гацева